ÉVALUATION DIAGNOSTIQUE
DES ÉLÈVES ALLOPHONES

# Compréhension de l'écrit

CYCLE 4 - FIN DE 4E

Langue d'origine : macédonien

CANOPÉ

**Презиме:** | **Име:**

## NIVEAU : FIN DE 4e

## Документ 1

*Извештај од УНИЦЕФ 2015 г. (извадок)*:

Пред дваесет и пет години, Генералното собрание на Обединетите нации усвои конвенција во врска со правата на децата. Оттогаш, милиони деца имаа корист од напредокот. Кога владите, нивните меѓународни партнери, претпријатијата и заедниците ги мобилизираа неопходните фондови и енергија како што ветија, ги спасија или ги подобрија животите на стотици милиони деца.

Иако е постигнат значаен напредок во клучните подрачја (преживување на децата, образование, пристап до чиста вода), преголем број деца сѐ уште се соочуваат со незадоволени потреби, неисполнети права и ограничени перспективи за иднината.

## Документ 2

Статистика според *Извештај од УНИЦЕФ 2015 г. (извадок)*:

| | Нето-стапка на запишување во одделенска настава (6-11 години) (%) | | Нето-стапка на запишување во предметна настава (12-16 години) (%) | |
|---|---|---|---|---|
| Географска зона | Момчиња | Девојчиња | Момчиња | Девојчиња |
| Подсахарска Африка | 81 | 75 | 35 | 30 |
| Блискиот Исток и Северна Африка | 92 | 89 | 72 | 67 |
| Јужна Азија | 94 | 94 | 55 | 48 |
| Источна Азија и Пацификот | 95 | 95 | 75 | 76 |
| Латинска Америка и Карибите | 93 | 94 | 71 | 75 |
| Европа | 95 | 95 | - | - |
| Свет | 92 | 90 | 66 | 63 |

## Документ 3

*Меѓународна конвенција за правата на децата* (извадоци)

### Член 24

1. Земјите-членки го признаваат правото на децата да имаат највисок можен стандард на здравство и да користат медицински услуги и услуги за рехабилитација. Тие настојуваат да гарантираат дека на ниедно дете нема да му биде скратено правото да има пристап до овие услуги.

### Член 28

1. Земјите-членки го признаваат правото на децата за образование и, особено, со цел да се остварува тоа право постепено и врз база на еднакви можности:

а) го прават основното образование задолжително и бесплатно за сите;

б) поттикнуваат организирање различни форми на средно образование, како општо така и стручно, ги прават отворени и достапни за сите.

### Член 32

1. Земјите-членки го признаваат правото на децата да бидат заштитени од економско искористување и да бидат ослободени од работа што е опасна или може да им попречи во образованието или, пак, да им ги загрози здравјето или физичкиот, менталниот, духовниот или социјалниот развој.

## 1

Која е заедничка тема на трите документи? (Заокружете го правилниот одговор)

- Состојбата на децата во светот
- Работата на децата во земјите во развој
- Образованието на децата во Европа

MI | MF | MS | TBM

## 2

Од која година датира Конвенцијата за правата на децата спомената во документот 1?
(Заокружете го правилниот одговор)

- 1985
- 2015
- 1990

MI | MF | MS | TBM

## 3

На кој член од Конвенцијата (документ 3) се однесува документ 2?
(Заокружете го правилниот одговор)

- Член 24
- Член 28
- Член 32

MI | MF | MS | TBM

## 4

Означете ги полињата  во оваа табела за да одговорите на прашањата користејќи го документ 2:

| Географска зона | Во која географска зона има исто толку момчиња колку и девојчиња во основно училиште? | Во која географска зона има запишано повеќе девојчиња отколку момчиња во средно училиште? |
|---|---|---|
| Подсахарска Африка | | |
| Блискиот Исток и Северна Африка | | |
| Јужна Азија | | |
| Источна Азија и Пацификот | | |
| Латинска Америка и Карибите | | |
| Европа | | |

MI MF MS TBM

## 5

Од постоењето на Конвенцијата: (Заокружете го правилниот одговор)

• Ситуацијата на децата е подобрена

• Решени се сите проблеми на децата

• Ситуацијата на децата не е променета

MI MF MS TBM

## 6

За што служат предложените документи? (поврзете ги предлозите)

| | |
|---|---|
| Документ 1 • | • За информирање |
| Документ 2 • | • За забава |
| Документ 3 • | • За официјално поставување закони |

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

**Rappel des codes de correction :**
**MI** = maîtrise insuffisante **MF** = maîtrise fragile **MS** = maîtrise satisfaisante **TBM** = très bonne maîtrise
**MI et MF :** non acquis **MS et TBM :** on considère que c'est acquis